З А П И С Н И К
од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на
20 мај 2025 година

Скопје, мај 2025 година

З А П И С Н И К
од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на
20 мај 2025 година

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и члeновите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Астрит Осени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт, како и Елена Кузмановска Биондиќ, државен секретар во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Тони Кантурски, директор на Агенцијата за стокови резерви, Иванчо Тошевски, директор на ЈУ Национален парк Пелистер, Мевлан Морина, заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Јусуф Сопи, директор на ЈП Македонска радиодифузија и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година**

1. Предлог-уредба за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви

2. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви

3. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви

4. Информација за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука

5. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2024 година, со Предлог-одлука

6. Информација за повеќенаменскиот проект Хидросистем Злетовица - фаза 2 и фаза 3

7. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс - договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за трговија и услуги АИМ Инвестментс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, заведено кај закуподавачот под бр.09-1758/1 од 27.12.2019 година, солемнизиран кај нотар Никола Спасовски од Скопје, под ОДУ бр.230/19 на 27.12.2019 година, со текст на Предлог-анекс договор бр.1 и Предлог-одлука

8. Информација во врска со Договор за доделување државна помош бр. 03-657/1 од 30.3.2015 година и бр.13-1433/1 од 31.10.2022 година, склучен со ДПТУ Макдиа ДОО Илинден, како втора договорна страна и Диатек спа, како трета договорна страна, со Предлог - спогодба за регулирање на начин на исплата на долг

9. Барање за финансиска поддршка за неподмирени обврски кон изведувачите на проектот „Адвентур" за изградба на адреналински парк во Националниот парк Пелистер и „Современи алатки за навремена прогноза и мониторинг на ризици од шумски пожари и поплави и иновативни техники за заштита и подготвеност на граѓаните", со акроним - PREVEN-T од ИПА 2 Програма

10. Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година

11. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд, Струга

13. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје

14. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (фабричка хала на Имотен лист бр.5988, на КП бр.6044/19, КО Варош во Прилеп)

15. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (дуќан со Имотен лист бр.64291, на КП бр.14670/5, КО Прилеп)

16. Предлог-одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (планинска куќа на Имотен лист бр.940, на КП бр.485/1, КО Конско)

17. Предлог-одлука за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (самостоен дел од куќа наменета за одмор во камп Асамати на Имотен лист бр.455 на КП бр. 526/1, КО Асамати)

18. Предлог на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*)

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите

20. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Весков, с.Криволак, Неготино, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анита Илиева, ул.„Владимир Назор" бр.27, Кавадарци, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Виолета Еленова ул. „Гоце Делчев" бр.1, Кавадарци, со Предлог-одлука

23. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агротим-југ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки" бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Слободан Николов, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

25. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анѓелко Јованов, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јованка Витанова, ул.„Браќа Миладинови" бр.13, Неготино, со Предлог-одлука

27. Информација за Извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, за 2023 и 2024 година, со Акциски план за 2025 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година

28. Информација во врска со Барањето, поднесено од Општина Македонски Брод, за репрограмирање на долг бр.11-1120/2 од 19 февруари 2025 година

29. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди и други несреќи во периодот 9 ноември 2024 година - 3 април 2025 година

30. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – туф, габро и монцонит на Друштвото за производство, трговија и услуги Писеник ДООЕЛ увоз-извоз Штип на локалитетот кај с.Шталковица, Општина Пробиштип

31. Предлог–одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на Друштвото за трговија и услуги Аква Ривер ДООЕЛ Охрид на локалитетот ,,Корешница", Општина Демир Капија

32. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб (на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Тхе-слотс", ДОО Скопје, со седиште на ул. „Наум Наумовски-Борче" бр.50-5, Скопје-Центар, во деловната просторија бр.57 Синот тип Граничен премин Богородица, на ул. „Граничен премин Богородица" бр.8б, Гевгелија)

33. Предлог на закон за ратификација на Листата за измена на Листата на специфични обврски и Дисциплини за домашна регулатива во услугите

34. Информација за активности поврзани со имплементација на ЦЕФТА Договорот, со прилози

35. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година

36. Информација за надминување на институционалните бариери во процесот на инклузивност и еднаков третман на глувите и наглувите лица во Република Северна Македонија

37. Информација за исплата на финансиски придонес на Република Северна Македонија за Младинскиот културен фонд на Западен Балкан

38. Информација за повеќегодишна набавка за проектот Изведба на потстаница за медицински гасови и реконструкција на инфективно одделение во Општа болница - Велес

39. Информација за повеќегодишна набавка за проектот Изведба на нов болнички објект за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница - Демир Хисар

40. Предлог-одлука за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем и Предлог-решение за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем

41. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти на КП бр.2875/2, КО Зајас)

42. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

43. Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2024 година

44. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.186/2024 донесено на 26 февруари 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/24), поднесена од група граѓани, преку полномошник адвокатска канцеларија Петрушева од Скопје

45. Понуда од нотар Горан Каранфиловски од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100623, за КО Штип 2, на КП бр.2720/3, викано место/улица „Дузлак"

46. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100575, за КО Охрид 4, на КП бр.4111/1 и КП бр.4112/1, викано место/улица „Патерица"

47. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4739, за КО Горно Лисиче, на КП бр.4036/1 и КП бр.4036/2, викано место/улица „Г.Лисиче"

48. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.11548, за КО Долно Лисиче – вон град, на КП бр.933, викано место/улица „Трска"

49. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3861, за КО Бардовци, на КП бр.137/1, викано место/улица „Избеговска Јурија"

50. Известување од извршител Зорица Симиќ од Скопје, доставено под И.бр.236/2023 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.266, за КО Орешани, на КП бр.382/4, викано место/улица „Бела Земја"

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Информација во врска со законските основи по кои Министерството за правда ја информира Владата за текот и статусот на тековни предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права

54. Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2024 година

55. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од атмосферски непогоди по Одлука на Влада бр.41-12566/4 од 17 декември 2024 година

56. Информација за спроведена вонредна ревизија за утврдување на наменското трошење на финансиските средства во буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со прилог Ревизорски меморандум за наменско трошење на финансиските

средства на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година (арх.бр.1591/3 од 12 август 2024 година), со дополнување

57. Извештај за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2024 година

58. Извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот на Република Северна Македонија за 2024 година

59. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година

60. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" – Пробиштип, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, со прилози

61. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година

62. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот јули - септември 2024 година

63. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и втора одлука)

64. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и трета одлука)

65. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и четврта одлука)

66. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и петта одлука)

67. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и осма одлука)

68. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување на писмо за ангажирање на меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори, склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража, со прилог Писмо за ангажирање

69. Информација за потпишување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, со усогласен текст на Договор

70. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5317, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.10273, викано место/улица „Ул.7 "

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“, Скопје (режиски трошоци)

72. Предлог-одлука за утврдување на дополнителен термин за полагање на испити од државната матура, училишна матура и завршен испит за учебната 2024/2025 година во јунски испитен рок

73. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци)

74. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“, Гостивар (режиски трошоци)

75. Информација за потребата од изменување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), со Предлог – уредба

76. Информација со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии/комитети по спогодбите/договорите за економска/техничка/ научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија

77. Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III), со Предлог-уредба

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка

79. Информација за барање за издавање на одобрение за отпочнување на постапки за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од Сегмент II Фаза 1 во комплексот КПД Идризово, Општина Гази Баба

80. Предлог-уредба за воспоставување на структурата за спроведување и контрола на инструментот за реформи и раст за Западен Балкан и Предлог-одлуката за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година

81. Информација по Нацрт-извештај од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија, по однос на акредитација на ИПА III оперативните програми во обласга транспорт, животна средина и човечки капитал

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Уредбата за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви.

Точка 2

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви.

Точка 3

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање, чување и обновување на стоковните резерви.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за стоковни резерви, неопходните средства соодветно да ги планира во рамките на максимално утврдените лимити на расходи, а Министерството за финансии при подготовка на ребалансот на буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година да го има предвид истото.

Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање и проектот – Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија), за отворање на нови работни места.

Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2025 година.

Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за повеќенаменскиот проект Хидросистем Злетовица - фаза 2 и фаза 3 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Престануваат да важат заклучоците донесени од Владата на Република Северна Македонија на Сто педесет и четвртата седница, одржана на 17 септември 2019 година, наведени во

Изводокот од нацрт-записникот бр.45-6538/1 од 17 септември 2019 година и се дава согласност за вклучување на Системот за наводнување „Кратово“ во фаза 2-наводнување од повеќенаменскиот проект ХС Злетовица.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“–Пробиштип, во рок од десет дена, да достави барање до меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за изразување на интерес за подготовка и финансирање на проектот Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија, со заем во износ од 103,2 милиони евра и да побара од истите да ја разгледаат можноста за обезбедување на грант/техничка помош за ажурирање на постојаната техничка документација, како и да ја прифатат улогата на водечка финансиска институција за подготовка и поднесување на апликација до ВБИФ за обезбедување на грант на техничка помош при имплементација и инвестициски грант за проектот, во максималниот процент предвиден за областите наводнување и производство на електрична енергија, со цел износот на заемот да може да се намали зависно од износот на инвестицискиот грант, кој ќе го одобри ВБИФ.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 15 дена по добивање на одговорите да ја информира Владата за изразениот интерес од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за финансирање на проектот Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија.

Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс-договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за трговија и услуги АИМ Инвестментс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, заведено кај закуподавачот под бр.09-1758/1 од 27.12.2019 година, солемнизиран кај нотар Никола Спасовски од Скопје, под ОДУ бр.230/19 на 27.12.2019 година, со текст на Предлог анекс-договор бр.1 и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како закуподавач и Друштвото за трговија и услуги АИМ Инвестментс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, заведен кај закуподавачот под бр.09-1758/1 од 27.12.2019 година.

Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договор за доделување државна помош бр. 03-657/1 од 30.3.2015 година и бр.13-1433/1 од 31.10.2022 година, склучен со ДПТУ Макдиа ДОО Илинден, како втора договорна страна и Диатек спа, како трета договорна страна, со Предлог - спогодба за регулирање на начин на исплата на долг и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Спогодбата за регулирање на начин за исплата на долг на Друштвото за производство, трговија и услуги Макдиа ДОО Илинден кон Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. Се овластува Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за регулирање на начин за исплата на долг на Друштвото за производство, трговија и услуги Макдиа ДОО Илинден кон Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Точка 9

Владата го разгледа Барањето за финансиска поддршка за неподмирени обврски кон изведувачите на проектот „Адвентур" за изградба на адреналински парк во Националниот парк Пелистер и „Современи алатки за навремена прогноза и мониторинг на ризици од шумски пожари и поплави и иновативни техники за заштита и подготвеност на граѓаните", со акроним - PREVEN-T од ИПА 2 Програма и го задолжи Министерството за локална самоуправа средствата наведени во Барањето соодветно да ги планира во рамките на максимално утврдените лимити на расходи, а Министерството за финансии при подготовка на ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година да го има предвид истото и за преземените активности да ја информира Владата.

Истовремено, се задолжува Управата за финансиска полиција да постапи по доставената документација доставена од Јавната установа Национален парк Пелистер – Битола и да ги испита сите состојби поврзани со реализацијата на проектот „Адвентур" за изградба на адреналински парк во Националниот парк Пелистер.

Истовремено, се задолжува Министерството за локална самоуправа да ја информира Владата за исходот од сервисирањето на неподмирените обврски на проектот „Адвентур".

Точка 10

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализација на Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година, како материјал за информирање, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истиот со Министерството за финансии.

Точка 11

Владата ја одложи од разгледување Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот текстот на истата да го усогласи со Министерството за финансии и Министерството за дигитална трансформација.

Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд - Струга.

Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (фабричка хала на Имотен лист бр.5988, на КП бр.6044/19, КО Варош во Прилеп).

Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (дуќан со Имотен лист бр.64291, на КП бр.14670/5, КО Прилеп).

Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (планинска куќа на Имотен лист бр.940, на КП бр.485/1, КО Конско).

Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (самостоен дел од куќа наменета за одмор во камп Асамати на Имотен лист бр.455 на КП бр. 526/1, КО Асамати).

Точка 18

Владата го разгледа Предлогот на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт(*), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и труд.

Точка 19

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да одржи координативен состанок со претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. Скопје и Секретаријатот за законодавство со цел да се усогласат по текстот на Законот.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Весков, с.Криволак, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анита Илиева, ул.„Владимир Назор" бр.27, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Виолета Еленова ул. „Гоце Делчев" бр.1, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Агротим-југ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Максим Горки" бр.12, Скопје-Центар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Слободан Николов, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Анѓелко Јованов, с.Тремник, Неготино, со Предлог-одлука, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јованка Витанова, ул.„Браќа Миладинови" бр.13, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за Извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, за 2023 и 2024 година, со Акциски план за 2025 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во

Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година, за 2023 и 2024 година.

2. Го прифати Акцискиот план за 2025 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето, поднесено од Општина Македонски Брод, за репрограмирање на долг бр.11-1120/2 од 19 февруари 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.620.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати, почнувајќи од 1 јуни 2025 година.

2. Доколку должникот не се придржува на динамиката во отплата на ратите согласно Амортизациониот план, Министерството за финансии ќе пресмета и наплати казнена камата за сите доцнења во уплатите на ратите, согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

Точка 29

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди и други несреќи во периодот 9 ноември 2024 година - 3 април 2025 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до наредната седница на Владата, во прилог на материјалот, да достави анализа со симулација за проценка на штетите и износот на обесштетувањето од штетите кои во меѓувреме се случиле.

Точка 30

Владата ја разгледа и не ја донесе Предлог-одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – туф, габро и монцонит на Друштвото за производство, трговија и услуги Писеник ДООЕЛ увоз-извоз Штип на локалитетот кај с.Шталковица, Општина Пробиштип.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да си ги наплати побарувањата од Друштвото за производство, трговија и услуги Писеник ДООЕЛ увоз-извоз Штип.

Точка 31

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на Друштвото за трговија и услуги Аква Ривер ДООЕЛ Охрид на локалитетот ,,Корешница", Општина Демир Капија и не ја донесе Одлуката за продолжување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на Друштвото за трговија и услуги Аква Ривер ДООЕЛ Охрид на локалитетот ,,Корешница", Општина Демир Капија.

Точка 32

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб (на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Тхе-слотс", ДОО Скопје, со седиште на ул. „Наум Наумовски-Борче" бр.50-5, Скопје-Центар, во деловната просторија бр.57 Синот тип Граничен премин Богородица, на ул. „Граничен премин Богородица" бр.86, Гевгелија).

Точка 33

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Листата за измена на Листата на специфични обврски и Дисциплини за домашна регулатива во услугите, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници Крум Ефремов, директор на Директоратот за економска и јавна дипломатија во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Биљана Додевска, специјален советник во Директоратот за економска и јавна дипломатија во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за активности поврзани со имплементација на ЦЕФТА Договорот, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од 30 дена, да започне постапка за ратификација на Одлуката бр.2/2024 за олеснување на електронската трговија, Одлуката бр.3/2024 за услуги за меѓусебна достава на пакети, Одлуката бр.4/2024 за спречување на неоправдано гео-блокирање, Одлуката бр.5/2024 за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост, Одлуката бр.6/2024 за олеснување на трговијата со услуги обезбедени од туристички агенции и тур-оператори, Одлуката бр.7/2024 за воспоставување на електронски систем за олеснување на управувањето со ризик за трговија со стоки, Одлуката бр.8/2024 за признавање на програмите за овластени економски оператори, Одлуката бр.3/2025 за унапредување на соработката за статистика поврзана со трговија и Одлуката бр.2/2025 за електронска размена на податоци за одобренија за влез на групи лекови што содржат контролирани супстанци.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во последниот квартал од 2025 година да започне постапка за ратификација на Дополнителен протокол 7 кон Договорот за измена и пристапување кон ЦЕФТА за решавање спорови.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на е-трговија и од областа на заштита на потрошувачи, со податоци за контакт.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на електронски потпис и електронски услуги, со податоци за контакт.

5. Се задолжува Министерството за култура и туризам, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на заштита на авторски права и од областа на туризам, со податоци за контакт.

6. Се задолжува Министерството за финансии–Царинска управа, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, со податоци за контакт.

7. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на услуги за достава на пратки, со податоци за контакт.

8. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост, во рок од седум дена, да достави номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а од областа на заштита на права од интелектуална сопственост, со податоци за контакт.

9. Се задолжуваат Министерството за финансии-Царинска управа и Државниот завод за индустриска сопственост, во рок од пет дена, да достават номинација до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на лице/а, како член и заменик-член на Поткомитетот на ЦЕФТА за права од интелектуална сопственост, со податоци за контакт.

Точка 35

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за надминување на институционалните бариери во процесот на инклузивност и еднаков третман на глувите и наглувите лица во Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади да формира работна група составена од претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за финансии, со цел изнаоѓање на решение, во однос на предметното прашање за воспоставување на национална дигитална платформа за глуви и наглуви лица и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 30 јуни 2025 година.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на финансиски придонес на Република Северна Македонија за Младинскиот културен фонд на Западен Балкан и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, средствата за исплата во износ од 2.277.000,00 денари да ги обезбеди со прераспределба на средства во рамките на одобрениот Буџет за 2025 година на Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги исплати средствата на Регионалната канцеларија за соработка на земјите од Западен Балкан (РИКО), а

средствата во висина од 926.000,00 денари да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2026 година.

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка за проектот Изведба на потстаница за медицински гасови и реконструкција на инфективно одделение во Општа болница - Велес и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2025 и 2026 буџетска година, на Министерството за здравство, за набавка во вкупна вредност од 75.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од буџет на Република Северна Македонија, Сметка 637, Програма 1А:

- 25.000.000,00 за 2025 година, со вклучен ДДВ и
- 50.000.000,00 за 2026 година, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2025 година и 2026 година, а Министерството за здравство истите да ги прикаже во соодветните буџетски циркулари.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишната набавка.

Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка за проектот Изведба на нов болнички објект за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница - Демир Хисар и ја усвои следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2025, 2026 и 2027 буџетска година на Министерството за здравство за набавка, во вкупна вредност од 140.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија, Сметка 637, Програма 1А:

- 20.000.000,00 за 2025 година
- 60.000.000,00 за 2026 година и
- 60.000.000,00 за 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2025, 2026 и 2027 година, а Министерството за здравство истите да ги прикаже во соодветните буџетски циркулари.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишната набавка.

Точка 40

Владата ги донесе:

1. Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем

2. Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем.

Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објекти на КП бр.2875/2, КО Зајас).

Точка 42

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Наведениот Предлог на закон содржи измени и дополнувања на членот 113 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), во делот на утврдување на обврска за работодавачот, на свој трошок, на работниците да им организира превоз до и од работното место или да им исплаќа трошоци за превоз. Притоа, се предвидува трошоците за превоз, кога нема организиран превоз, да се во висина на продажната цена на горивото, пресметана по просечна потрошувачка на шест и пол литри гориво за изминат пат од 100 километри.

Пред 2009 година, додатоците за храна и превоз беа дел од платата на работникот. Во 2009 година, со воведувањето на концептот на бруто-плата, наведените додатоци се вградија во платата, што значи дека тие пари веќе еднаш се вклучени во основниот приход на работниците и се предмет на придонеси од задолжително социјално осигурување. Ако сега повторно се воведе посебен додаток, истиот износ би се плаќал по вторпат, што не е финансиски оправдано. Дополнителното плаќање на трошокот за превоз за работодавачите ќе значи значително зголемување на нивните трошоци за плати, што може да доведе до намалување на можностите за отворање на нови работни места, како и намалување на трошоците кои работодавачите ги плаќаат за обуки, нова опрема и слично.

Со време, во приватниот сектор, последица ќе биде и намалување на конкурентноста на компаниите, што понатаму може да резултира со зголемени цени на производите и услугите, намалена продуктивност и потенцијално губење на работни места.

Дополнително, воведувањето на додатокот за превоз за вработените во јавниот сектор ќе има значителни фискални импликации по буџетот на Републиката.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Собранието на Република Северна Македонија не треба да го прифати Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

Точка 43

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2024 година и нема забелешки по истиот.

Точка 44

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.186/2024 донесено на 26 февруари 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 17 и 18 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.58/24), поднесена од група граѓани, преку полномошник Адвокатска канцеларија Петрушева од Скопје, го утврди Мислењето на Министерството за правда и заклучи да се достави до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

*

* *

Имајќи предвид дека Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе одлучил по предметот, на седница, одржана на 20 мај 2025 година, Мислењето не е реализирано.

Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Каранфиловски од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100623, за КО Штип 2, на КП бр.2720/3, викано место/улица „Дузлак“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100575, за КО Охрид 4, на КП бр.4111/1 и КП бр.4112/1, викано место/улица „Патерица“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт.

Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4739, за КО Горно Лисиче, на КП бр.4036/1 и КП бр.4036/2, викано место/улица „Г.Лисиче“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.11548, за КО Долно Лисиче – вон град, на КП бр.933, викано место/улица „Трска“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт.

Точка 49

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3861, за КО Бардовци, на КП бр.137/1, викано место/улица

„Избеговска Јурија" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење од Министерството за транспорт.

Точка 50

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зорица Симиќ од Скопје, доставено под И.бр.236/2023 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.266, за КО Орешани, на КП бр.382/4, викано место/улица „Бела Земја" и по истото ги усвои мислењата на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 51

**1.** Владата го избра Бесир Шабани за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ) АД Скопје.

**2.** Владата го отповика Марин Алексов од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, на негово барање.

**3.** Владата го разреши Бесир Шабани од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Сидикатот за образование, наука и култура, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**4.** Владата ја разреши Ирена Илиевска од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот.

**5.** Владата ја именува Ирена Илиевска за директор на Агенцијата за управување со одземен имот и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**6.** Владата го разреши Фадил Асани од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го именува Фадил Асани за заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**8.** Владата го именува Харис Ибраими за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, досегашен вршител на должноста директор на Установата.

**9.** Владата го разреши Стојанче Ангелов од должноста директор на Центарот за управување со кризи, а функцијата ќе ја врши заклучно со 26 мај 2025 година.

**10.** Владата го избра Мухамет Аљи за вршител на должноста директор на Центарот за управување со кризи, сметано од 27 мај 2025 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го избра Трајче Јовановски за вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**12.** Владата го разреши Џеват Селами од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

**13.** Владата го избра Стојанче Ангелов за вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување, сметано од 27 мај 2025 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**14.** Владата ја именува Катерина Караколева Менис за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**15.** Владата формира Комисија за селекција за избор на еден член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов - претседател
- Анета Стојановска - заменик-претседател;

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

- Марија Апостолова Николовска - член
- Дејан Герасимовски – заменик - член;

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;

- Надица Апостоловска - член
- Македонка Тимова -заменик - член;

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;

- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев – заменик-член ;

од редот на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје

- Тони Ѓуревски - член
- Цена Поповска – заменик-член.

**16.** Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, да објави јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

**17.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на акционери на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, за членови на Одборот на директори да ги избере:

- Сашо Димитријоски – неизвршен член,
- Иван Митровски – неизвршен член,
- Марин Алексов- неизвршен член,
- Нусрет Зиба – неизвршен независен член,
- Сеад Арслани – неизвршен независен член,
- Даниела Кржовска– неизвршен член.

**18.** Владата заклучи да му предложи на Одборот на директори на Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, од редот на неизвршните членови на Одборот на директори за претседател на Одборот на директори да го избере Сашо Димитријоски.

**19.** Владата ја овласти Ружица Николовска, да ја претставува Владата на Република Северна Македонија, како акционер во Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, во својство на полномошник, да присуствува на седниците на Собранието на акционери на Друштвото, каде што ќе учествува и ќе гласа во име на Владата на Република Северна Македонија.

Полномошното да важи до денот на неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото издавање.

**20.** Владата го разреши Тоде Цветковски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово.

**21.** Владата ја именува Соња Станоева за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кавадарци, претставник од Советот на Општината.

**22.** Владата го разреши Сашко Балабанов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип, на негово барање.

**23.** Владата го разреши Трајче Михајлов од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа - Кратово, на негово барање поради судир на интереси.

**24.** Владата го разреши Добривое Пауновски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес, на негово барање поради судир на интереси.

**25.** Владата ја именува Фросина Златевска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Свети Николе од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници.

**26.** Владата ја разреши проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска од должноста член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на јазиците, на нејзино барање поради судир на интереси.

**27.** Владата го разреши проф. д-р Љубен Тевдовски од должноста член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на општествено – хуманистичките науки, на негово барање.

**28.** Владата ја разреши Марија Настева Џекова од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, Струмица.

**29.** Владата го разреши Блерант Рамадани од должноста национален координатор за примена на нови технологии, на негово барање.

Точка 52

**1.** Владата, по повод одбележувањето на 24 Мај „Св. Кирил и Методиј"–Ден на сесловенските просветители, пред споменикот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј во Охрид, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Делегација, во следниот состав:
- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
- Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и
- проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука,
да присуствува на положување цвеќе на 24 мај 2025 година, пред споменикот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј во Охрид, во 12:30 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ја обезбеди потребната опрема (цветно уредување, говорница, техничка опрема, вода, знамиња и друга опрема), превоз за опремата и за вработените во Владата на Република Северна Македонија, кои се вклучени во организација на настанот, како и да организира коктел по завршување на настанот, а за потребите на прославата, која ќе се одржи во црквата „Св. Софија" во Охрид, на 24 мај 2025 година, со почеток од 13:30 часот.

3) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи, како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи за венци, црвена патека и друго), кое ќе се одржи на 24 мај 2025 година во Охрид, пред споменикот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј, во 12:30 часот.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за сместување во врска со организацијата на прославата 24 мај „Св. Кирил и Методиј"–Ден на сесловенските просветители, која ќе се одржи во црквата „Св. Софија" во Охрид.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Одделение за протокол, да подготви листа на гости, покани, агенда и организациски подготовки за протоколарните делови.

6) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-Сектор за односи со јавност, да создаде сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

7) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на локацијата на која се чествува празникот.

8) Се задолжува Министерството за здравство, да обезбеди едно амбулантно возило со медицински тим за настанот на 24 мај 2025 година во Охрид, пред споменикот на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј во Охрид во 12:00 часот, како и во црквата „Св.Софија", во 12:30 часот.

9) Се препорачува на Општина Охрид, да има обезбедено едно противпожарно возило на 24 мај 2025 година во Охрид, во црквата „Св.Софија", кое ќе биде присутно од 12:30 часот.

10) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија, да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на 24 Мај во црквата „Св.Софија" во Охрид, со почеток од 13:30 часот.

11) Се задолжува НУБ Св. Климент Охридски, на 24 мај 2025 година во Охрид, по повод одбележувањето на денот на сесловенските просветители, да организира изложба во црквата „Св. Софија" во Охрид, со почеток од 13:00 часот.

12) Се задолжува НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, да организира изложба во црквата „Св. Софија" во Охрид, со почеток од 13:00 часот и да подготви дел од културната програма за прославата, како и финансиски да покријат дел од културната програма.

13) Се задолжува НУ „Охридско лето" Охрид, да ги покрие финансиските трошоци во делот на обезбедување на техничката опрема за прославата на 24 мај 2025 година во црквата „Св.Софија" во Охрид, со почеток од 13:30 часот.

14) Се задолжува НУ Македонски народен театар, да обезбеди водител за прославата на 24 мај 2025 година во црквата „Св.Софија" во Охрид, со почеток од 13:30 часот и финансиски да го подмири тој трошок.

15) Се препорачува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Факултет за музичка уметност, да учествуваат во реализација на програмата на 24 мај 2025 година во црквата „Св.Софија" во Охрид, со почеток од 13:00 часот, со мешаниот хор Драган Шуплевски при Факултетот за музичка уметност.

**2.** Владата, по повод одбележувањето на 24 Мај „Св. Кирил и Методиј"–Ден на сесловенските просветители, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Делегација, во следниот состав:
- м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии;
- Игор Филков, министер за правда и
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,
да присуствува на положување цвеќе на 23 мај 2025 година, пред споменикот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, на платото на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 10 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди венци за положување на цвеќе, како и превоз на Делегацијата.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**4.** Владата по повод донесените заклучоци на Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година, точка 21: Прашања и предлози, по Информацијата за потребата од враќање на повлечените неискористени средства од заемот од Банката за развој при Советот на Европа наменети за финансирање на Проектот за изградба на Регионалната клиничка болница - Штип, ги донесе следните заклучоци:

1) Заклучокот под реден бр.2 да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за здравство веднаш по завршување на постапката за одлучување за поднесена оставка на министерот за здравство и по овластување на нов потписник на сметките на Министерството за здравство, да го извести Министерството за финансии.“.

2) По заклучокот под реден бр.2 се додава нов заклучок кој гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии веднаш да ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека по завршување на постапката за овластување на нов потписник на сметките, Министерството за здравство средствата од заемот во износ од 2.437.199 евра еднократно ќе ги врати на Банката за развој при Советот на Европа.“.

3) Заклучокот под реден бр.3, ќе биде заклучок под реден бр. 4.

**5.** Владата го разгледа Барањето од Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на подрачјето на РД Штип за изменување на Заклучокот бр.2 од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2024 година по точка 39 „Информација во врска со преземените активности за спроведување на постапката за продажба на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски - Папучар АД“ од Куманово, со Предлог – одлука и заклучи истата да се разгледа на наредната седница на Владата.

**6.** По повод Известувањето по однос на Заклучокот од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2025 година, доставено од Министерството за финансии, под бр. 15-4074/1 од 15 мај 2025 година, а во врска со Информацијата за усвојување на Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година, со Годишен план, Владата заклучи, во точката 4 од Заклучокот кој гласи:

„4. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, а им се препорачува на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, АД МЕПСО и Номагас АД Скопје, кои се дел од Советот за праведна транзиција, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да доставуваат месечни и квартални извештаи за напредокот во имплементацијата на Годишниот план.“ да се изземе Министерството за финансии.

**7.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за животна средина на локацијата речно корито на река Вардар во атар на с.Ногавеци, Општина Градско, поради потребата предлагачот да достави комплетна информација до Владата, согласно Деловникот за работа на Владата и истата да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршен вонреден инспекциски надзор во Вардар био процес ДОО-Градско, поради потребата предлагачот да достави комплетна информација до Владата, согласно Деловникот за работа на Владата и истата да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**9.** По повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, а во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна

Македонија за 2025 година, Владата ги задолжи сите министерства табелата од Министерството за финансии да ја достават до Министерството со податоци за состојбата на капиталните расходи и нивна реализација до крајот на годината, како и за останати договорни услуги кои треба да се документираат.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата во врска со законските основи по кои Министерството за правда ја информира Владата за текот и статусот на тековни предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како материјал за информирање.

Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 55

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од атмосферски непогоди по Одлука на Влада бр.41-12566/4 од 17 декември 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за спроведена вонредна ревизија за утврдување на наменското трошење на финансиските средства во буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со прилог Ревизорски меморандум за наменско трошење на финансиските средства на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година (арх.бр.1591/3 од 12 август 2024 година), со дополнување, како материјал за информирање.

Точка 57

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 58

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за примена на јазикот на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 59

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 60

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

Точка 61

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 62

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за периодот јули - септември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 63

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и втора одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 64

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и трета одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 65

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и четврта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 66

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и петта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 67

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (деведесет и осма одлука) и ја донесе Одлуката за

предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување на писмо за ангажирање на меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори, склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража, со прилог Писмо за ангажирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање на меѓународната адвокатска куќа Fenwick Elliot LLP и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во својство на претседавач на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена да го потпише писмото за ангажирање, доставено од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliot LLP.

Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, со усогласен текст на Договор и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Александар Николоски, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, по потпишувањето на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти.

Точка 70

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5317, за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, на КП бр.10273, викано место/улица „Ул.7“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 71

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје", Скопје (режиски трошоци).

Точка 72

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на дополнителен термин за полагање на испити од државната матура, училишна матура и завршен испит за учебната 2024/2025 година во јунски испитен рок и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев", Охрид (режиски трошоци).

Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ", Гостивар (режиски трошоци).

Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), со Предлог – уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II).

Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии/комитети по спогодбите/договорите за економска/техничка/научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на мешовити комисии и мешовити комитети согласно договорите и спогодбите, наведени во точките 1 до 8 од Информацијата, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Го донесе Решението за именување на претседател на македонскиот дел на Мешовитиот комитет за економска и индустриска соработка по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Чешката Република за економска и индустриска соработка, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Меѓувладиниот комитет по Договорот меѓу Македонската Влада и Украинската Влада за трговска и економска соработка, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

4. Го донесе Решението за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии согласно договорите и спогодбите, наведени во точките 11 до 15 од Информацијата, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III), со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III).

Точка 78

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков", Крива Паланка.

Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за барање за издавање на одобрение за отпочнување на постапки за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од Сегмент II Фаза 1 во комплексот КПД Идризово, Општина Гази Баба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерство за правда - Управата за извршување на санкции во рок од два дена, да подготви и достави допис до Банката за развој при Советот на Европа со кој ќе извести дека согласно склучениот Договор за заем и новата инвестициска вредност на Сегмент II Фаза 1 од Проектот, Владата на Република Северна Македонија ќе ги обезбеди потребните средства за затворање на финансиската структура на Сегмент II Фаза 1 од Проектот, односно ќе се обезбеди потребното буџетско учество во износ од 23.000.000 евра во периодот од 2026 до 2031 година и воедно бара продолжување на рокот за повлекување на заемот до 30.6.2030 година. Исто така, од Буџетот на Република Северна Македонија ќе се обезбедат и средства за ДДВ во износ од 8.623.156 евра, кои ќе се исплаќаат во период од 2026 до 2031 година, согласно динамиката на реализација на активностите на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управата за извршување на санкции средствата за реализација на Сегмент II Фаза 1 од проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за секоја одделна фискална година.

3. Се задолжува Министерство за правда - Управа за извршување на санкции по добивање на позитивен одговор од Банката за развој при Советот на Европа да ги започне постапките за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од Сегмент II Фаза 1 во комплексот КПД Идризово, Општина Гази Баба.

Истовремено Владата заклучи Министерството за финансии да изврши анализа на ваквите проекти на институциите (во однос на начинот и ефикасноста на користење, како и износот на финансиските средства на почетокот и крајот на проектот и сл.) и врз основа на добиени информации, да достави извештај до Владата.

Точка 80

Владата ги разгледа Предлог-уредбата за воспоставување на структурата за спроведување и контрола на инструментот за реформи и раст за Западен Балкан и Предлог-одлуката за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година и ги донесе Уредбата за воспоставување на структурата за спроведување и контрола на инструментот за реформи и раст за Западен Балкан и Одлуката за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година, со заклучок текстот на истите да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, се задолжуваат сите институции кои се носители на област од Реформската агенда 2024-2027 година, до Министерството за европски прашања да достават номинации на членови на структурата за Инструментот за реформи и раст, најдоцна до 27 мај 2025 година.

Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата по Нацрт-извештај од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија, по однос на акредитација на ИПА III оперативните програми во областа транспорт, животна средина и човечки капитал, ја усвои Информацијата и со цел имплементирање на мерките за реализација кои треба да се преземат од страна на сите институции поединечно, обезбеди заложба и ги предложи следните рокови:

1. Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација, да и предложи на Владата политика за задржување на кадарот во ИПА органите и структурите, усогласена со новиот Закон за административни службеници, најдоцна до 30 септември 2025 година.

2. Министерството за европски прашања, да ја комплетира листата на обучувачи од јавни институции и да обезбеди средства во сопствениот буџет за 2025 година, за спроведување на активностите за создавање на самоодржлив систем за обуки за ИПА структурите, најдоцна до 31 јули 2025 година.

3. Министерство за европски прашања да ги пополни работните места раководител на Одделение за следење и евалуација на програмите на ЕУ и раководител на Одделение за општи работи и внатрешна контрола во рамки на Секторот за координација на европски фондови најдоцна до 31 јули 2025 година, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети годишни планови за вработувања.

4. Министерството за финансии да ги пополни потребните работни места нотирани во Нацрт-извештајот од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија, најдоцна до 31 јули 2025, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања.

5. Министерство за животна средина и просторно планирање да ги пополни испразнетите работните места раководител на Одделение за техничко спроведување на инструментот за

претпристапна помош (ИПА) и раководител на Одделение за програмирање и мониторинг на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во рамки на Секторот за спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), најдоцна до 31 јули 2025 година, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети годишни планови за вработувања.

6. Министерство за транспорт да ги пополни испразнетите работните места раководител на Одделение за ИПА планирање и подготовка на тендерска документација и раководител на Одделение за општи работи и контрола при спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА) во рамки на Секторот за инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА), најдоцна до 31 јули 2025 година, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети годишни планови за вработувања.

7. Министерство за социјална политика, демографија и млади да ги пополни испразнетите работните места раководител на Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови и раководител на Одделение за контрола и координација во рамки на Секторот за ЕУ програми и фондови, најдоцна до 31 јули 2025 година, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети годишни планови за вработувања.

8. Министерството за европски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за социјална политика, демографија и млади, да ги пополнат испразнетите работни места на вработени во рамки на ИПА структурите задолжени за индиректно управување со ИПА III оперативните програми, согласно усвоените анализи на обем на работа за 2025 година, најдоцна до 31 декември 2025 година, преку унапредување, внатрешна прераспределба во рамките на соодветната институција или трансфер од други институции, имајќи ги предвид потребните квалификации кои треба да ги поседуваат кандидатите (особено познавање на англиски јазик) или преку нови вработувања, врз основа на претходно донесени/изменети годишни планови за вработувања.

9. Националниот координатор за авторизација при Министерството за финансии да подготви и достави одговор до Европската комисија по однос на Нацрт ревизорскиот извештај од ревизорската мисија на DG ENEST за оперативните програми во рамките на системот за индиректно управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА III), најдоцна до 30 мај 2025 година, со предлог акциски план за надминување на наодите од истиот.

Истовремено, сите институции наведени во оваа информација, најдоцна до 23 мај 2025 година, својот конечен став по однос на горенаведените обврски, да го доставaт до Министерството за финансии.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.